во источниот дел на Македонија. Понатамошните глави авторот им ги посветил на големата светска економска криза и последиците од неа во Злетовската област, на наемничкиот режим и политичката активност на граѓанските партии во Злетовско и Кратовско, на културно-просветните прилики во овој крај меѓу двете светски војни и друго.

Во петтиот најмал дел од историскиот дел на монографијата, Злетовскиот крај во Втората светска војна (609—626), Апостолов дава краток пресек на настаните за време на Втората светска војна. Во таа смисла авторот се осврнува на окупацијата на Македонија и приликите во Злетовскиот крај како последица на фашистичката окупација, потоа нелегалните акции на линијата на антифашистичката борба и борбите за национално ослободување. На крајот од споменатиов дел, Апостолов се осврнува на ѕверствата на фашистичкиот окупатор во Злетовскиот крај, на придонесот на населението од Злетовско и Кратовско во Народноослободителната војна, приложувајќи при тоа список на жртвите во споменатава крвава војна.

Автор на културниот дел на монографијата, Спомениците на културата во регионот на Злетово (629—640), е д-р Коста Балабанов. Во споменатово изложување, покрај бројните податоци за црквите и манастирите во Злетовскиот крај, Балабанов посебно внимание му обрнал на познатиот манастир Св. Гаврило Лесновски.

Вака приложениов колективен монографски труд претставува единствена публикација за Злетовско и Кратовско низ историјата, и своевиден придонес на географско-археолошкиот и историско-културниот развиток на овој регион на Македонија. Споменатава монографија претставува ценет прирачник во рацете на секој истражувач на полето на географијата, археологијата, културата, историја на уметноста, а особено на полето на историјата за Злетовско-кратовскиот крај. Поради тоа, публикуваната монографија претставува нов и многу драгоцен придонес во македонската историографија.

**А. Т.**

## УЧЕСНИЦИ И СВЕДОЦИ, Зборник сећања о делатности напредног учитељства Југославије до 1941 године, књ. I, стр. 677 и књ. II, стр. 667, Бгд., 1974.

При крајот на минатата година во Белград, во издание на Друштвото за изучување на дејноста на напредното учителство во Југославија, излезе двотомната книга под горе споменатиот наслов, во која се поместени автентични прилози на голем број учесници и сведоци на напредното југословенско учителско движење во периодот меѓу двете светски војни. Овој зафат на споменатото Друштво претставува доста значаен и своевиден специфичен прилог во нашата публицистичка дејност. Имено, ретко кое професионално здружение во Југославија, во периодот меѓу двете светски војни, имало во своите редови толкав голем број учесници и при-

врзаници на прогресивното движење што го предводуваше КПЈ, како учителското. Уште поредок е примерот, по 30 и повеќе години да можат да се најдат сили за да издадат една заедничка публикација со која ќе го овековечат своето учество и сведоштво во општото прогресивно, антифашистичко и револуционерно движење кога се знае дека тие денеска живеат во разни краеви на нашата земја или работат во разни институции во социјалистичките републики и автономни покраини.

Првата книга содржи вкупно 116 прилога. Тие главно се однесуваат на сеќавања на напредни учители до 1936/37 година. Во првите написи се зборува за активноста на учителите социјалисти во Србија во почетокот на XX век и за одјекот на Октомвриската револуција во југословенските земји. Најголемиот број прилози во оваа книга се однесуваат на периодот 1929—1936 година.

Прилозите во втората книга, чиј број изнесува 121, се однесуваат на сеќавања на напредни учители во периодот 1936—1941.

И во двете книги се среќаваат написи од напредните учители кои во периодот меѓу двете светски војни работеле скоро во сите наши денешни социјалистички републики и покраини. Имено, во сите нивни прилози се среќаваат доста фактографски податоци за тешката општествено-економска положба на работничката класа и селанството како и за лошите културно-просветни прилики на населението во периодот меѓу двете светски војни Исто така во нив се зборува и за активното вклучување на напредните учители во општото културно-просветно издигнување на широките народни маси. Во многу места под раководство на напредните учители биле формирани читални и библиотеки, потоа земјоделски и здравствени задруги и слично.

Посебно значајно место и простор заземаат прилозите во кои се зборува за идејно-политичката ангажираност на напредните учители во Југославија како во редовите меѓу учителството така и меѓу населението. Оваа активност особено е засилена во периодот по 1937 година кога доаѓа и до организационо и идејно-политичко издигнување на КПЈ.

Во периодот 1937—1941 година доаѓа и до организационо оформување на напредното југословенско учителско движење, Во овие години, скоро во сите тогашни бановини се оформува таканаречената Трета група учители која дејствувала врз платформата на работничкото движење на Југославија, а под раководството на КПЈ. Таа група, всушност, го претставувала Напредното учителско движење.

Преку ова движење се оформиле неколку учителски издавачки културно-просветни задруги чија издавачка дејност, и не само издавачка, била насочена кон ширење на идеите и целите на револуционерното работничко и општо-антифашистичко движење. Така, на територијата на Хрватска се ширеле изданијата на Учителската задруга „Иван Филиповиќ“, а на територијата, пак, на Србија, Црна Гора и Македонија функционирала задругата „Вук Караџиќ“. Напредните учители во Босна ја формирале задругата „Петар Кочиќ“, а во Црна Гора — „Народни учитељ“. Последнава задру-

га не започнала да функционира бидејќи тогашниот Задружен совет во Белград не ја одобрил. Напредните учители во Словенија ја создале во 1937 година задругата „Педагошки тиск“.

Од неколку прилози во споменатата публикација дознаваме и за тоа дека напредните учители во Југославија ги ширеле изданијата на библиотеката „Будуќност“ што ја уредувал Милош Б. Јанковиќ а преку кои се пропагирале напредните педагошки и воопшто револуционерни идеи.

Во голем број прилози во оваа двотомна публикација се изнесуваат и акциите на напредните учители за преземање на раководствата на околиските и бановинските учителски здруженија, како и напорите во издавање на посебни учителски весници и списанија, или, пак, отворање на специјални рубрики во постојните режимски весници со левичарско-педагошко-политичка ориентација.

Во споменатата публикација се отпечатени и извесен број написи во кои се гледа улогата на напредните учители во учеството и организирањето на ученички штрајкови во поодделни учителски школи како и нивното идејно-политичко влијание врз широките народни маси на планот на ширењето на идеите на општото антифашистичко движење во Југославија.

Доста значајно место и простор заземаат и прилозите на напредните учители, како Македонци, така и Срби и Црногорци, кои во периодот меѓу двете светски војни учителствувале во Македонија.

Од напредните македонски учители свои прилози за публикацијата дале: Илија Јанкуловски, Благоја Кондарко, Митко Илиев, Мито Димитриевски, Боро Пекевски и Ѓорѓи Ивановски, додека од другите краеви на Југославија најголемо внимание заслужуваат прилозите на д-р Божидар Прокиќ, Драгослав Вељковиќ и Раде Вуковиќ.

Во сите нивни написи се опишува тешката општествено-економска, политичка и културно-просветна положба на македонскиот народ и народностите на Македонија, потоа, денационализаторските цели на културно-просветната политика на владеачките режими како и за отпорот што го давале напредните учители против таа реакционерна политика на буржоаска Југославија во Македонија.

Авторите на прилозите зборуваат за разни форми на отпор на напредните учители во Македонија, меѓу кои, акциите за преземање раководствата на учителските здруженија, ширењето на антифашистичките идеи, издавањето на учителски веснизи со левичарска платформа, запознавањето на населението со револуционерната поезија на Кочо Рацин, држењето предавања на учениците на македонски јазик и друго.

На крајот да спомeнеме и некои мали пропусти на споменатава публикација. Пред сè, во неа би требало, иако постојат извесни објективни причини, да бидат застапени повеќе прилози од дејноста на напредните учители од пред и по донесувањето на Обзнаната и Законот за заштита на државата. Потоа, можело да се направи уште поголем напор во однос на систематизирањето на прилозите околу временското „периодизирање“ и проблемското третирање на

поодделни прашања. Сметаме дека би било подобро биографските податоци да бидат публикувани во втората книга а не во првата, бидејќи некои автори за првпат со свои прилози се јавуваат во втората книга.

Двотомната книга на Друштвото на напредните учители на Југосалвија од периодот меѓу двете светски војни ќе претставува за нашата поширока читачка публика еден вид автентично четиво за запознавање со дејноста на напредното учителство. Исто така оваа публикација ќе претставува и еден вид прилог за едно целосно обработување на Напредното југословенско учителско движење во споменатиот период. На крајот да го истакнеме и фактот дека споменатото Друштво веројатно ќе продолжи со публикување на такви и слични прилози и дека овој пример би требало да го следат и претставници на други професионални и слични организации од периодот меѓу двете светски војни.

**Д-р В. К.**

**„РОССИЯ И БАЛКАНСКИЙ ВОПРОС". Од историјата на руско-балканските политички врски во првата третина на XIX век од И. С. ДОСТЈАН, издание на Академијата на науките на СССР — Институтот за славистика и балканистика, Москва, 1972**

Во издание на Академијата на науките на СССР, односно на нејзиниот Институт за славистика и балканистика во Москва, во 1972 година излезе книгата „Русија и балканското прашање" од И. С. Достјан, посветена на историјата на руско-балканските политички врски во првата третина од XIX век.

Веднаш да подвлечеме дека книгата, освен за останатите балкански земји, претставува посебен интерес за Македонија, бидејќи во повеќето комбинации, по повлекувањето на Турците од Балканскиот Полуостров (какви било прогнозите на руските дипломати тогаш), се сметало и на Македонија, било како посебно „кралство" или како такво во рамките на една федеративна балканска држава што би се создала по распаѓањето на Отоманската империја.

Авторот, на околу 360 страници, врз основа на, досега, непознати (главно дипломатски) документи, дава мошне прегледна слика за целите на политиката на Русија во овие триесетина години, за состојбата на поодделните балкански држави кои, точно во овој период ја отпочнуваат својата ослободителна борба (Србија, Грција, Црна Гора, Влашко и Молдавија), како и во оние кои не биле ослободени (Албанија, дел од Словенија кои сè уште се наоѓале под турско ропство — Бугарија и Македонија и Босна и Херцеговина.

Еве како, уште во почетокот, авторот го поставва прашањето што го обработува во книгата: „Кон крајот на XVIII век сè поголемо значење во меѓународните односи на Европа почна да поприма таканареченото Источно прашање. Во огромната литература од научен или публицистички